РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-400/2
04-08-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и Упатството за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави (бр.03-2233/1 од 12.02.2021 година), постапувајќи по предмет оформен по пријава од анонимен подносител, на третото продолжение на 50-тата седница одржано на 23.07.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-400/1 доставена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата на 25.01.2021 година, врз основа на која е оформен предмет со број 12-400/1 од 25.01.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, има постапувано по предмет со наводи што се поистоветуваат со наводите од посочената пријава, по што има донесено одлука со број 09-652/26 од 02.06.2020 година.

Предметот со број 12-400/1 од 25.01.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-400/1 од 25.01.2021 година е оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од анонимен подносител.

Во пријавата е наведено дека ///, градоначалник на Општина ///, вработил блиски лица во неколку институции во ///.

При разгледување на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека по пријава со исти наводи веќе има постапувано, по што е донесена одлука со број 09-652/26 од 02.06.2020 година, со образложение кое содржи детали за преземените мерки и активности од страна на ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Посочената одлука е објавена на веб страната на Комисијата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработено од: А.Р.М., советник
Одобрено од: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3215 377
https://www.dksk.mk